Едногодишната студија беше реализирана
со помош на Амбасадата на Кралството Холандија во Р.М.



Kingdom of the Netherlands

Анализа на политики

# ЕТНИЧКА И РОДОВА ИНКЛУЗИВНОСТ ВО ЛГБТИ ДВИЖЕЊЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

ИСТРАЖУВАЧКИ ТИМ:

Проф. д-р Катерина Колозова

Доц. д-р Калина Лечевска

Доц. д-р Викторија Боровска

М-р Ана Блажева

## *Резиме*

Проектот *„Етничка и родова вклученост во ЛГБТИ движењето во Република Македонија“* претставува студија на политики,поврзана со активности за подигнување на свеста, спроведена со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија. Проектот беше реализиран во соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права на Македонија во периодот од септември 2012 година до септември 2013 година.

Потребата од ваква студија произлегува од моменталната состојба и позиција на ЛГБТИ лицата, како една од најранливите групи во македонското општество, бидејќи за неа практично не постои никаква законска заштита од дискриминација, а за чија инклузија во главните општествени текови не постојат никакви институционални политики. Отсуствува јавен дискурс кој ќе биде сензитивен за човековите права на оваа заедница. Од друга страна, пак, во рамките на самото движење, до неодамна, во потполност отсуствуваше видливост на лезбејките, трансродовите лица и етничките малцинства.

Главната цел беше да се направи долгорочен проект кој ќе влијае врз зајакнувањето на капацитетите на ЛГБТИ движењето во Македонија во услови кога владее изразена хомофобија, говор на омраза и сѐ побројни физички напади врз ЛГБТИ лицата. Еден од главните мотиви на истражувањето беше и поголемо активирање на „невидливите“ групи во самата ЛГБТИ заедница, а тоа се лезбејките, трансродовите лица, како и геј лицата од етничките малцинства.

Истражувачкиот дел се состои од комбинација на квалитативни и квантитативни методи. Институтот преку своите затворени форми на дебати (фокус групи, дискусиони групи) придонесе во вмрежувањето на формални и неформални организации кои се занимаваат со етнички инклузивен ЛГБТИ активизам и со феминистичко-лезбејскиот дел од активизмот. Од стартот на овој проект, до средината на неговата реализација беше формирана неформалната ЛезФем група, поврзана со работата на ЛГБТИ Центарот раководен од Хелсиншкиот комитет за човекови права на Македонија. Мултиетничката невладина ЛГБТ Јунајтед се вклучи видливо во активизмот во Македонија од есента 2012 (а беше регистрирана во мај 2012). ЛГБТ Јунајтед активно придонесе за реализација на оваа студија.

Идејата на проектот беше преку дебатите на „grass-root“ ниво да се отпочне расправа од самите активисти за потребите во рамки на движењето како и за оние во поширокиот општествен контекст. Една од главните цели е да се создаде специфичен пристап при јакнењето на ЛГБТИ заедницата. Тоа ќе овозможи нејзино мобилизирање во едно поинформирано и посензитивно движење,поставувајќи ги приоритетите и формите на активизам кој би одговарал на социјалните и културните специфики на Македонија.

*ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ*

## *Позадина и законска рамка*

ЛГБТИ заедницата во Македонија се соочува со социјални и законски предрасуди, хомофобично и трансфобично однесување и дискриминација од околината, но и од надлежните институции кои би требало да го прават спротивното. ЛГБТИ лицата не се третирани како граѓани со еднакви права и слободи, додека соодветните институции не покажуваат никаков интерес да ја променат оваа состојба.

Еден од главните проблеми на ЛГБТИ заедницата, кој беше посочен и како најзначаен од самите испитаници во истражувањето, е нивното невклучување во Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РМ бр.50/2010).[1] „Сексуалната ориентација" како основа за дискриминација не е посебно наведена ниту во „Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2012-2015)" на Министерството за труд и социјална политика. Со тоа се докажува дека државата не сака да ги заштити ЛГБТИ лицата и ги смета како граѓани од втор ред.

Рамноправност на сите граѓани без разлика и на сексуалната ориентација се гарантира само во некои закони на Република Македонија, а тоа се: Законот за заштита на правата на пациентите,[2] Законот за здравје,[3] Законот за високо образование,[4] како и во Етичкиот кодекс во Законот за јавните службеници.[5]

Непризнавањето дискриминација според сексуалната ориентација постојано се критикува во годишните извештаи на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија. Во извештајот за 2011 година е наведено дека ЛГБТИ заедницата е предмет на дискриминација и стигматизација и постои итна потреба да се подигне свеста не само во однос на законот за недискриминација туку во однос на принципите на почитување и толеранција на разликите.[6] Една година подоцна, сè уште стои забелешката дека ЛГБТИ заедницата е предмет на дискриминација и стигматизација[7] при што во заклучоците на Европската комисија се наведува дека во Законот за заштита од дискриминација мора да се опфати и сексуалната ориентација како посебна основа.[8]

Меѓународната организација ИЛГА-Европа која ги застапува правата и интересите на ЛГБТИ луѓето на европско ниво, секоја година објавува листа за состојбата со човековите права на ЛГБТИ луѓето. Така, во 2013 година, Македонија го зазема 43-то место (од 49 земји) со реализирани конкретни постигнувања од само 13% во поглед на правата на ЛГБТИ луѓето во кои се вклучени категории како: закони против дискриминација, заштита од злосторства и говор на омраза и почитување на слободата на изразување.[9]

Политичките структури во Македонија воопшто не се заинтересирани за подобрување на правата и статусот на ЛГБТИ луѓето. Сексуалната ориентација сè уште се користи за дискредитација на политичките противници и како таква беше користена и на неодамнешните локални избори.[10]

Една од најкоментираните изјави во минатата година, кои само ги потврдуваат актуелните политики на игнорирање и хомофобичната агенда на власта, е изјавата на министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски дека „бракот е заедница меѓу маж и жена и отстапки за тоа прашање нема да се прават додека партијата е на власт." Министерот додаде дека „едно дете за да може правилно да се развива треба да има мајка и татко во вистинска и биолошка форма на зборот."[11]

По оваа изјава следуваше владината кампања за промоција на семејните вредности при што, за таа цел, се одвои половина милион евра од буџетот на државата.[12]

За време на спроведување на проектот, односно по отворањето на ЛГБТИ центарот за поддршка во Старата скопска чаршија, зачестија напади врз Центарот, бројни закани по живот за ЛГБТИ активистите, вклучително и каменување на домот на активист кој јавно истапи и јавно ја призна својата сексуална определба. Влијателните медиуми, вo јануари 2013 објавуваа информации дека НВО во земјава кои се занимаваат со ЛГБТИ права подготвуваат „Геј парада" во Скопје.[13] Наместо „Геј парада," активистите организираа „Недела на гордоста," фестивал на настани како дискусии и проекции на филмови поврзани со ЛГБТИ правата. Социјалните мрежи беа преплавени со негативни коментари и закани. Беше планирана и „Контра геј парада,"[14] контра-протест наспроти замислената „Геј парада," кој не се одржа, како што не се одржа ниту „Геј парадата." Истиот ден (22 Јуни 2013) беше нападнат и каменуван ЛГБТИ центарот од четириесетина маскирани лица кои се обиделе да влезат за време на проекција на филм во состав на „Недела на гордоста".[15] По овој настан следеше најостра осуда од дипломатскиот кор во Македонија како и писмо од "Human rights watch,"[16] а од политичките партии се огласи само Либералната партија.[17]

## *Опис на истражувачкиот проблем и податоци*

Конкретно, студијата се базира на потребата за поголема интеграција од родов и етнички аспект во платформите за застапување на ЛГБТИ лицата како и за поорганизирано и јасно видливо ЛГБТИ движење во Македонија. Врз основа на претходните истражувања од тимот на ИОХН-С, почетните претпоставки беа дека (1)невидливоста на ЛГБТИ заедницата лежи во самоповлеченоста на членовите и нивното самоцензурирање; (2) стравот од јавна изложеност во патријархалното општество; (3) голем скептицизам кон граѓанското општество, односно перцепција дека НВО се корумпирани и ја користат маката на загрозените групи[18] и тоа што (4) во јавниот дискурс преовладува ставот дека сексуалноста е повеќе приватна работа отколку политички проблем .

Во рамки на проектот преку фазите на квалитативното и квантитативното истражување беа опфатени стотина ЛГБТИ лица во Република Македонија. Нивните искази ќе останат анонимни поради чувствителноста на темата. Испитаниците се репрезентативни во однос на полот, местото на живеење, етничкото потекло и социјалниот статус, додека нивната возраст



беше лимитирана на 18-45години.[19]

Квалитативните методи на усни истории и фокус групи ги употребивме за истражувањето поврзано со специфичните целни групи за проектот: лезбејки, бисексуалци, трансродови лица и геј од етнички малцинства. Квантитативната метода (анкетата) беше спроведена врз репрезентативен примерок од целата ЛГБТИ заедница, со цел да се утврдат генералните приоритети и проблеми со кои се соочува истата.

## *I. Усни истории*

Усните истории како метода на интимна размена на видувањата и доживувањата што се воспоставува меѓу испитаникот и истражувачот, ни овозможи близок увид во секојдневната стварност со која ЛГБТИ лицата се соочуваат,[20] и посебно со онаа на лезбејките, трансродовите лица и геј лицата од немнозинските етнички групи. Процесот беше спроведен со деветмина соговорници и соговорнички: лезбејки, трансродови лица и геј од етничките малцинства. Тие низ неколкучасовни разговори со истражувачите имаа можност да воспостават доверба и да зборуваат интимно за предизвиците и проблемите со кои секојдневно се соочуваат, како и за нивната активистичка борба.

### *I.I Податоци од усни истории*

Лезбејките кои учествуваа во усните истории имаат впечаток дека не се посебно дискриминирани од страна на нивната непосредна околина, бидејќи успеале да создадат свој круг на пријатели и познаници кои ги поддржуваат. Во поглед на семејството, некои од нив имаа позитивни примери на родители кои ги поддржуваат и во нивниот ЛГБТИ активизам. Некои имаат „премолчен договор“ со најблиските отворено да не говорат за нивната интима и со тоа се чувствуваат удобно, но некои имаат и проблеми поради тоа што го премолчуваат тој факт. Повеќето девојки се чувствуваат дискриминирано, пред сè како жени во едно патријархално општество, и ја наведуваат потребата погласно да се борат за правата.Според нив, многу е значајно оние што немаат проблем со самоприфаќањето да ја обзнанат својата сексуалност (т.н. coming out). Ова ќе ги охрабри во себеприфаќањето и ќе го намали чувството на вина кај оние што живеат во поконзервативни средини, особено во руралните. Како еден од главните проблеми беше наведена „притаената толеранција“ кон лезбејките и несериозниот третман од страна на околината, што им предизвикува чувство на општествена невидливост. Сите се чувствуваат поневидливо како заедница во однос на геј мажите кои се поистакнати, но истовремено повеќе го собираат гневот од јавноста.

Според испитаничките, приоритетите на самата ЛГБТИ заедница треба да се спроведат на три нивоа. Првата е правната рамка, односно воведување стратегија за антидискриминација на ЛГБТИ луѓето. Второто ниво е воспоставување коректен пристап кон ЛГБТИ луѓето во медиумите (без сензационалистички наслови, навреди, стереотипизација и говор на омраза), како и поголемата видливост во влијателните медиуми кои најчесто се политички некоректни кон нив. Третото ниво е јакнење на самата заедница која не е добро организирана, како и поголема интеграција меѓу самите членови (во клубови, формални и неформални центри за поддршка, шелтер центри и сл.)

Во поглед на приоритетите и потребите и геј лицата од другите етнички заедници ги делат истите мислења како лезбејките со тоа што кај нив беше поистакнуван економскиот момент како главна причина зошто ЛГБТИ лицата водат двоен живот и живеат во постојан страв. Нивните усни истории открија примери на екстремно насилство и нетрпение.

Некои од нив се жртви на физички напади, некои се плашат за својот живот поради многубројните закани од „своите" односно од припадниците на нивната етничка заедница кои ги гледаат како разочарување и срам за групата.

Во овој дел од истражувањето беа опфатени и трансродовите лица кои се изјаснија како најобесправени во државата. Имено, трансродовите лица константно се соочуваат со предрасуди, првенствено од најблиските, на кои им треба долго време да ги прифатат, а потоа и од пошироката околина. Тие постојано се изложени на потсмев и неразбирање за нивната состојба која често ги доведува до душевни страдања и обиди за самоубиство. Покрај секојдневните проблеми, се соочуваат со дискриминација од институциите (при менување лични карти, проблеми со матичниот број, дискриминаторски однос од македонскиот здравствен систем кој не им излегува пресрет за потребните операции и друго). Според трансродовите лица, главниот проблем лежи во менталитетот на народот кој не може и одбива да прифати „нешто што не го разбира". Според нив, нешто кое мора да се промени за да се подобри нивната ситуација е правната рамка која не може да ги регулира нивните основни барања.

### *II.Фокус групи*

Во овој дел од истражувањето беа одржани и три фокус групи од кои една со претставници на геј од различни етнички малцинства и две со лезбејки и бисексуалки. За жал, трансродовите лица не се чувствуваат доволно безбедно за да можат отворено пред други да говорат за своите проблеми, па затоа таа предвидена фокус група не беше одржана. Недовербата и стравот беа присутни и во фокус групата со геј лицата од етничките заедници која се одрази и на нивните одговори што претежно се однесуваа на примери за други,но не за себе. Сите мажи беа согласни дека се изложени на поголема дискриминација од сопствената етничка заедница, а воедно се соочуваат и со лицемерието на македонското општество, односно ставот за нив од другите етнички групи кога ќе се дознае за нивната сексуална ориентација со изјавата: „оставете го, барем не е од наште". Податоците покажуваат дека со најголеми проблеми се соочуваат албанските геј лица кои не можат да наидат на никаква поддршка дома поради религозноста и очекувањата на најблиските да оформат семејство. Тие ги карактеризираа македонските геј активисти како „елитисти" кои во своето делување ги исклучуваат останатите етнички заедници, а не се грижат и за тие кои живеат во помалите градови и руралните средини. Имено, во најбрзо време, тие луѓе треба да бидат вклучени во агендата на НВО кои се занимаваат со ЛГБТИ права затоа што немаат никаква поддршка која им е најпотребна.

Како главен приоритет, испитаниците ја наведоа поголемата видливост, организираност и заедничко делување бидејќи во Македонија „не постоела ЛГБТИ заедница, туку само ЛГБТИ луѓе", на кои мораат „интимните релации да престанат да им влијаат врз општествено корисните цели".

Фокус групите со лезбејките и бисексуалките открија многу примери на психолошко и физичко насилство кон нив, особено врз оние кои живеат во помалите градови. Како најголем проблем со кој се соочуваат во околината е несериозниот, но и „фаворизиран" третман во поинаков контекст. Лезбејките се гледаат како: средношколски експеримент, забава, минлива фаза и честопати добиваат вулгарни коментари кои ги поврзуваат со сликата за нив која се создава во порно филмовите. Речиси секоја испитаничка слушнала коментар од типот: „Сигурно постои мажиште кое ќе те задоволи и промени". Тие се согласни дека се поприфатливи затоа што се поневидливи како заедница .Бисексуалките

се соочуваат со уште поголемо неразбирање поради нивната „некомплетна идентитетска позиција“. Според жените, треба да се  да се подобрат односите и да се зајакне самото ЛГБТИ движење, а потоа да се дефинираат политичките приоритети на заедницата. Јавноста мора подобро и пообјективно да се информира за нивната состојба, а безбедноста мора да им се гарантира со наведување на „сексуалната ориентација“ во постоечкиот закон.

## *III. Анкета*

Анкетата опфати 140 ЛГБТИ лица во Македонија. Прашалниците беа спроведени во соработка со ЛГБТИ центарот за поддршка. Целта на анкетата беше да се види ставот на поголем број ЛГБТИ лица во однос на клучните проблеми и предизвици на заедницата.

На првото прашање „Дали како ЛГБТИ лице сте се почувствувале дискриминирано“ поразителен е фактот што дури 93% се изјасниле потврдно. Останатите 7% изјавиле дека не почувствувале никаква обесправеност поради нивната ориентација.

На второто прашање „Од кого сте почувствувале најголема дискриминација“, најголем дел, 26% одговориле дека тоа се нивните пријатели и познаници. 20% почувствувале дискриминација од своите најблиски (тесно семејство или роднини), а малку помал процент (18%) изјавиле дека се жртви на своите соседи. Интересен е фактот што дури 13% од анкетираните почувствувале дискриминација од самите ЛГБТИ лица. Потоа, 10% изјавиле дека биле обесправени од своите колеги додека 2% самоиницијативно ги допишале институциите на власт како главни дискриминатори. По пет проценти од анкетираните ги заокружиле сите наведени опции, а исто толкав процент се изјасниле дека не почувствувале никаква дискриминација поради нивната сексуална определба.






Третото прашање гласеше „Од кого добивате најголема поддршка надвор од заедницата“. Најголем процент (47%) изјавиле дека ја добиваат од своите пријатели или познаници. Поблиските и подалечните семејни роднини се најголеми поддржувачи на 27% од анкетираните додека малку помал процент (22%) заокружиле дека најмногу поддршка добиваат од НВО кои се грижат за правата и заштитата на ЛГБТИ лицата. Само 2% од испитаниците добиваат афирмација од организации или лица од сфера на културата, додека незначителен 1% смета дека сите претходно наведени групи им пружаат најголема поддршка. Значајно е да се напомене дека како опција беше наведено и Министерството за труд и социјална политика како соодветна институција која би требало да пружа некаква помош и заштита на ЛГБТИ лицата, но таа опција никој ја нема заокружено (0%).







На четвртото прашање „На кој начин би се подобрил односот кон ЛГБТИ лицата“ најголем процент од анкетираните (32%) сметаат дека тоа би се случило преку реформи во образованието (повлекување на сите хомофобични учебници; едукација уште од најмала возраст за човековите права и слободи, но и различности; воведување на сексуално образование...). Речиси ист процент (31%) го гледаат подигнувањето на свесноста на околината за ЛГБТИ лицата како најзначајно (преку разни кампањи, јавно „аутирање“ на познати личности, окупирање на јавниот простор и сл.) Малку помал процент од испитаниците (21%) мислат дека односот кон ЛГБТИ лицата би се подобрил преку средување на нивната правна регулатива (Закон за заштита од дискриминација, спречување на мобинг, социјална и здравствена заштита на ЛГБТИ партнерите...) Само десет проценти од анкетираните сметаат дека општата слика би се подобрила кога би се зајакнала и економската состојба на државата (намалување на сиромаштијата и невработеноста, а со тоа ќе престане и економската зависност од најблиските). Девет проценти од испитаните не можеле да се определат само за една опција па ги навеле сите како значајни во подобрување на односот кон ЛГБТИ лицата.

Најголем број од одговорите на петтото прашање „Кое од наведените човекови права сметате дека е најзначајно да се обезбеди за ЛГБТИ лицата во РМ“ се однесува на нивно посебно наведување во Законот за антидискриминација (43%). За 22% од испитаниците најзначајно како придобивка би било социјалното и здравствено осигурување на партнерите, додека 17% од нив сметаат дека правото на истополов брак и формирање семејство најмногу би им значело. Заштитата од мобинг би им била најкорисна на 8% од анкетираните додека 9% од нив не можеле да се одлучат само за една опција па ги навеле сите гореспоменати како значајни.




Ставот за една од моментално најактуелните теми во поглед на ЛГБТИ лицата во Македонија е наведен во шестото прашање кое гласи „Дали ни е потребна геј парада“. Дури шеесет отсто од испитаниците се изјасниле негативно додека позитивниот став го делат 33 проценти. Само 7% од анкетираните немаат став по ова прашање.







Седмото прашање кое гласи „Како би се зголемила видливоста на ЛГБТИ лицата во јавноста“ кај испитаниците предизвика повторно неможност да одберат само еден одговор. Како две најбитни опции со идентичен процент (30%) се избрани: „coming out“ пред пошироката околина и отворање повеќе центри за промоција на правата на ЛГБТИ. Речиси 13% од анкетираните сметаат дека својата видливост во јавноста најпрвин би ја зголемиле кога би се „аутирале“ (coming out) пред семејството, а 7% го делат мислењето за отворање повеќе геј клубови и други неформални собиралишта. Останатите 19% сметаат дека сè од горенаведеното мора да се направи за јавноста подобро да ги запознае ЛГБТИ лицата.

На осмото прашање „Како би се зајакнала самата ЛГБТИ заедница, користејќи ги своите потенцијали“ испитаниците требаа сами да го наведат одговорот и можеби поради неговата отвореност, предничат одговорите со не знам (47%). Од наведените одговори, сумирано, најголем процент (29%) сметаат дека пред сè мора да има поголемо здружување на самите ЛГБТИ членови (намалена дискриминација меѓу нив, едукација на ЛГБТИ, групи за поддршка...) Поголемата присутност во јавната сфера (кампањи, дебати, акции, геј паради) е најзначајна за зајакнување на ЛГБТИ заедницата за 16% од анкетираните, додека само 4% мислат дека тоа ќе се случи со самото аутирање на членовите. Мал дел од испитаниците сметаат дека потенцијалите на ЛГБТИ лицата лежат во самата окупација на медиумскиот простор (2%) и со промената на Законот за антидискриминација и воопшто, поголемо влијание врз институциите на моќ (2%). Само 2% се изјасниле дека ЛГБТИ заедницата е доволно јака и не ѝ треба ништо повеќе.




На последното прашање „Која е најдискриминираната група во ЛГБТИ заедницата“ одговорите не беа наведени туку испитаниците ги пишуваа според првата асоцијација. Така, речиси половина од нив (47%) се определиле за трансродовите лица. Геј мажите како најобесправени ги гледаат 19% од анкетираните додека подеднакво ист, но мал процент од нив ги гледаат: бисексуалците (4%) и интерсексуалците (4%) како најдискримирани. Убедливо, најмал процент- 2% од анкетираните ги гледаат лезбејките како најдискриминирана група во ЛГБТИ заедницата. Иако беше побарано да се определат за една група, 4% од испитаниците не го сториле тоа и изјавиле дека сите се подеднакво дискриминирани, додека одговор на ова прашање немаат 19%.



Сумирано, резултатите од анкетата во која беше опфатен репрезентативен примерок на ЛГБТИ лица за Македонија покажуваат дека тие речиси и немаат идеја како да се зајакне самата заедница. Нивните барања се „наједноставни“ и како најилустративен податок говори најпосочуваниот одговор да се додаде „сексуалната ориентација“ во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Тие се свесни дека мора подобро да се интегрираат за да можат подобро да делуваат, но огромен број од нив не сакаат тоа јавно да го демонстрираат. Кај ЛГБТИ лицата постои стравот од пошироката јавност, но контрадикторно, аутирањето пред истата им е најзначен приоритет. Затоа не треба да зачудува податокот дека најголемата поддршка, но и најголемата дискриминација ја доживуваат од најблиските роднини и пријатели. Единствено, ЛГБТИ лицата се согласни во најпоразителниот податок, а тоа е дека речиси секој од нив бил жртва на некаква дискриминација.

## *Заклучок и препораки*

Истражувањето покажа дека потесното фокусирање на приоритетите на определени групи внатре во ЛГБТИ заедницата е неопходно за нивното зајакнување како активистичка заедница. Лезбејките како и геј мажите од етничките малцинства во Македонија, го истакнаа и објаснија своето доживување на маргинализираност внатре во ЛГБТИ заедницата како и во поширокото општество. Потребата од интрамобилизација во посебните подгрупи, се покажа како нужна и возможна. Во текот на ова истражување, преку зачестената комуникација со ЛГБТИ центарот и благодарените на дебатите што истражувачкиот тим ги отвори со членовите на Центарот, ИОХН-Скопје можеше да биде директен сведок на раѓањето на иницијативата ЛезФем и на засилените напори на геј активистите од етничките малцинства кон нивно поголемо интегрирање во ЛГБТИ движењето во Македонија. Врз основа на дебатите што активистите ги отворија, иницијативите што ги отпочнаа, како и врз основа на сознанијата добиени преку ова истражување, Институтот ги донесува следниве препораки до институциите на државата:

1. Сексуалната ориентација, пред сè, мора да биде посебно наведена во Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и во останатите закони и стратегии кои гарантираат еднаквост на сите граѓани. Законските решенија мора да бидат прилагодени на европските стандарди со вклучување на одредби предложени од НВО и експертите

.

2. Со цел да се заштити ЛГБТИ заедницата од насилство мора да се подигне свеста за толеранција во јавниот дискурс, потребно е напуштање на хомофобниот дискурс во јавноста и отворање современа, општествено инклузивна дебата за нивните права.

3. Горспомената препорака не може да се оствари доколку главните креатори на јавното мислење, медиумите, не покажат сензибилизација во однос на ЛГБТИ лицата. Ова посебно се однесува на медиумите кои треба не само да ги промовираат овие вредности туку и да ја запознаат јавноста со одредени факти кои би ги спречиле предрасудите.

4. Забрана и јавна осуда на говорот на омраза (особено во медиумите и на интернет), по пат на примена на веќе постоечките закони кои го регулираат говорењето на омраза, кој може да поттикне насилство и дискриминација кон ЛГБТИ лицата.

5. Образовните програми во основите училишта задолжително да вклучат содржини кои би ги спречиле стереотипите и предрасудите кон ЛГБТИ лицата (обука за наставниците, соодветно сексуално образование).

6. Правно регулирање на статусот на трансродовите лица наместо слободно толкување од страна на службениците согласно нивните знаења и верувања при барањата за признавање на родот и промена на личната документација (матичен број, име).

7. Зголемување на видливоста за специфичните потреби на лезбејките и геј лицата од малцинска етничка припадност со обезбедување посебни законски одредби на заштита и унапредување на правата по пат на разработка на политики од подрачјата на здравствена заштита, социјална заштита, недискриминација и заштита од семејно насилство.

***Препораки до НВО секторот кој се занимава со ЛГБТИ правата и родовата еднаквост:***

1. Засилување на врските меѓу лезбејското движење и движењето за родова еднаквост, како прв чекор кон општествено интегрирање и видливост.

2. Засилување на врските меѓу лезбејското движење и движењето за родова еднаквост, поради идентификацијата на родовата дискриминација („дискриминација како жени“) како онаа која ја предетерминира нивната дискриминација како лезбејки

3. Автономизација на лезбејското движење во рамки на ЛГБТИ движењето со цел да овозможи простор за дефинирање на посебните приоритети.

4. Зајакнување на напорите за ЛГБТИ активизам, за формирање заедница на геј мажите во малцинските етнички групи и нивна поголема интеграција во ЛГБТИ движењето претставувано од поголемите и повлијателни НВО во државата.

5. Промовирање на анти-национализмот и етничката неисклучивост на претставниците на ЛГБТИ движењето како модел на општествена солидаризација која е ефективна во своите цели а успева да остане над етноцентризмот и над национализмот.

6. Зајакнување на заедницата на трансродовите лица во рамки на ЛГБТИ движењето и создавање комуникација на доверба и поддршка која ќе помогне да се надмине моменталната ситуација на себеизолација на трансродовите лица внатре во движењето.

# ***БЕЛЕШКИ :***

[1] Закон за спречување и заштита од дискриминација, достапно на http://nkt.mtsp.gov.mk/nkt/content/Documents/anti_discrimination_law_mkd_2010.pdf

[2] Закон за заштита на правата на пациентите (Службен весник на РМ, бр. 82 од 8 јули 2008), член 5, Пациентот има право на остварувањето на правата, пропишани со овој закон, без дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус.

[3] Закон за јавно здравје (Службен весник на РМ, бр. 22 од 15 февруари 2010) во активностите на Институтот за јавно здравје и центрите, член 16, Институтот и центрите вршењето на работите од членовите 10 и 11 на овој закон го засноваат врз принципите на: 1) јасно дефинирана цел на јавното здравје; 2) постапки базирани на модерни, научно проверени начела и докази; 3) добро насочени интервенции со вклучување на неопходниот број на лица во согласност со јавно-здравствените стандарди; 4) преземање на интервенции со најмало ограничување на правата и интересите на поединците во процесот на заштита на јавното здравје;5) преземање на интервенции кои нема да ги дискриминираат поединците по основ на раса, пол или различно национално и социјално потекло или имотна положба, верско уверување, пол, сексуална ориентација или статус на лице со посебни потреби и 6) почитување на личноста на секој поединец припреземање на интервенциите.

[4] Закон за високо образование (Службен весник на РМ, бр. 35 од 14 март 2008), Член 108, Универзитетот, односно самостојната висока школа ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за упис на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

[5] Закон за јавните службеници (Службен весник на РМ, бр.133 од 30 Септември 2011), член 9, Јавниот службеник еднакво ги третира физичките и правните лица без дискриминација на физичките лица врз основа на возраста, полот, етничкото или социјалното потекло, на јазичната или расната припадност, на политичките убедувања, на брачниот или фамилијарниот статус, на инвалидноста, сексуалната ориентираност или на каква и да било друга основа, а правните лица врз основа на нивниот вид, делокруг на работа, место на регистрација и потекло на држава.

[6] "The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2011 Progress Report" (објавено на 12 Октомври 2011), достапно на http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf, пристапено на 20.07.2013.

[7] "The former Yugoslav Republic of Macedonia 2012 Progress Report" (објавено на 10 Октомври 2012), достапно на http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2012/package/mk_rapport_2012_en.pdf, пристапено на 20.07.2013.

[8] „Conclusions on The former Yugoslav Republic of Macedonia“, достапно на http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2012/package/mk_conclusions_2012_en.pdf, пристапено на 20.07.2013.

[9] "FYR Macedonia score sheet based on Rainbow Europe Map 2013", достапно на http://www.ilga-europe.org/home/publications/reports_and_other_materials/rainbow_europe/score_sheet/fyr_macedonia, пристапено на 20.07.2013.

[10] „Петрески: Не сум двоцевка во мене да се заљубува некој си Бандини" (објавено на 5 Март 2013), достапно на http://a1on.mk/wordpress/archives/112618, пристапено на 16.07.2013.

[11] „Ристовски: Нема да се дозволи склучување на хомосексуални бракови во Македонија" (објавено на 12 Октомври 2012) достапно на .

[12] „Владата ќе ги рекламира семејните вредности" (објавено на 25 Февруари 2013) достапно на http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=1017 пристапено на 20.07.2013.

[13] „22 Јуни - Датум за одржување на првата геј парада во Македонија" (објавено на 28 Јануари 2013), достапно на http://www.sitel.com.mk/22-juni-datum-za-odrzhuvanje-na-prvata-gej-parada-vo-makedonija, пристапено на 16.07.2013.

[14] „КОНТРА-гејПАРАДА" (објавено на 21 Јуни 2013), достапно на https://www.facebook.com/events/598108286888440/, пристапено на 16.07.2013.

[15] Нападнат ЛГБТ центарот- повреден полицаец" (објавено на 22 Јуни 2013), достапно на http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=4946, пристапено на 16.07.2013.

[16] „Letter to Prime Minister of Macedonia" (објавено на 10 Јули 2013), достапно на http://www.hrw.org/node/117037, пристапено на 16.07.2013.

[17] „Соопштение по повод нападите во Скопје брз ЛГБТ заедницата" (објавено на 27 Јуни 2013), достапно на http://www.lp.org.mk/?p=2663, пристапено на 16.07.2013.

[18] Åse Berit Grødeland, Public perceptions of non-governmental organizations in Serbia, Bosnia & Herzegovina, and Macedonia, *Communist and Post-Communist Studies, Volume 39, Issue 2, June 2006, Pages 221-246* ).

[19] Учеството на малолетни лица во ова истражување беше несообразно со целите на проектот, кадешто испитаниците зборуваат за визија и стратегии за активизам што подразбира извесни возрасни и други компетенции. Активисти над 45 години не ни беа достапни за исражувањето.

[20] Donna M. DeBlasio et al., *Catching Stories: A Practical Guide to Oral History*. Swallow Press: 2009.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ

Ул. 20-ти Октоври, бр 8, втор кат
1000 Скопје, Македонија

Тел/Факс: +389 3113 059
е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk




Едногодишната студија беше реализирана со помош на Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија

Kingdom of the Netherlands

Работата на Институтот е поддржана од Think Tank Fund - Budapest и ЦИРА-Civica Mobilitas.

THINK TANK FUND
SUPPORTING POLICY RESEARCH

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Center for INSTITUTIONAL DEVELOPMENT - CIRa